Република Северна Македонија
Општина Вевчани
Бр. 01 - 740/1
27.10. 2021 год.
ВЕВЧАНИ

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

# Процедура за издавање на решенија за комуналните такси

-комунална такса за истакната фирма,односно назив на деловна просторија;

-комунална такса за користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност;

-комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;

| | |
|---|---|
| Сопственик на процес | Градоначалник на општина Вевчани |
| Цел на процес | Опис и тек на постапка за издавање на решенија за комуналните такси |
| Мандат | Закон за комуналните такси;<br>Закон за даноците на имот;<br>Закон за општата управна постапка;<br>Закон за административните такси;<br>Закон за јавна внатрешна финансиска контрола; |

## ХРОНОЛОШКИ АКТИВНОСТИ

### Комунални такси

| **Опис и тек на постапка за издавање на решение за комунална такса за истакната фирма,односно назив на деловна просторија** |
|---|
| **1.**Постапката за издавање на решение за комунална такса за истакната фирма/односно назив на деловна просторија започнува со донесување на решението за висината на комуналната такса за истакната фирма/односно назив на деловна просторија од страна на градоначалникот на општината.<br>Градоначалникот на општината, според податоците од состојбата на 1 јануари секоја година, за секој обврзник одделно со решение во рок од 30 дена го утврдува износот на таксата што треба да се плати.<br>Базата на податоци за регистарот на обврзници на комунална такса за истакната фирма/односно назив на деловна просторија, се обновува секоја година врз основа на податоците кои на крајот на календарската година, на барање од Одделението за финансиски прашања до истото ги доставува Централниот регистар на Република Северна Македонија.<br>Решенијата до обврзници на територијата на Општина Вевчани ги носи доставувач од општината.<br>За обврзниците кои имаат деловните единици на територијата на Општина Вевчани а седиштата им се надвор од територијата на Општина Вевчани, решенијата се праќаат по пошта со ПОВРАТНИЦА.<br>Против решението донесено од страна на градоначалникот на општината незадоволната странка може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.<br>Обврзниците на комунална такса се должни таксата да ја платат во рок 30 дена од денот на доставување на решението.<br>Плаќањето на комунална такса за истакната фирма/односно назив на |

деловна просторија се врши на следната сметка:
Назив на примач:Трезорска сметка,Буџет на Општина Вевчани
Банка на примач:НБРСМ
Број на сметка:100000000063095
Уплатна сметка:840-110-03210
Приходна шифра:717112
Програма:00
Цел на дознака: Комунална такса за истакната фирма/односно назив на деловна просторија

**2.** Ако во текот на годината настане обврска за плаќање на комунална такса, или настанат промени кои доведуваат до плаќање такса во поголем или помал износ, обврзникот на таксата е должен во рок од 15 дена од денот на настаната обврска или настанатата промена за тоа да поднесе пријава до општината.

Градоначалникот на општината во овој случај донесува решение за висината на комуналната такса во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавата.

Обврзникот на комунална такса кој не ќе поднесе навреме пријава, ќе се задолжи покрај со редовната такса и со зголемена такса во висина од 30% од редовната такса.

Против решението донесено од страна на градоначалникот на општината незадоволната странка може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Обврзникот на комунална такса е должен таксата да ја плати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

Плаќањето на комунална такса за истакната фирма/односно назив на деловна просторија се врши на следната сметка:
Назив на примач:Трезорска сметка,Буџет на Општина Вевчани
Банка на примач:НБРСМ
Број на сметка:100000000063095
Уплатна сметка:840-110-03210
Приходна шифра:717112
Програма:00
Цел на дознака: Комунална такса за истакната фирма/односно назив на деловна просторија

Барањето/пријавата заедно со потребната документација се поднесува лично во Одделението за финансиски прашања.

Кон пријавата потребно е да приложи и:
-платена административна такса за списи и дејствија на лице место преку пос терминал или со приложување оригинален заверен ПП 50 образец на следната сметка:
Назив на примач:Трезорска сметка,Буџет на Општина Вевчани
Банка на примач:НБРСМ
Број на сметка:100000000063095
Уплатна сметка:840-110-03182
Приходна шифра:722315
Програма:00

Цел на дознака:Административна такса
-Тековна состојба од Централниот регистар на РСМ,
-Решение за Централниот регистар на РСМ за основање на трговско друштво,
-Решение за Централниот регистар на РСМ за отварање/затварање на деловна единица,
-полномошно, доколку друго лице го застапува подносителот,
-друга дополнителна документација што ќе се јави како потребна во текот на постапката,
**3**.За настанатите промени кои се однесуваат за правните лица како промена на седиште, нови регистрирани или затворени подружници, стечај, ликвидација и слично, должно е правното лице во рок од 15 дена од денот на настаната обврска или промена да го извести Одделението за финансиски прашања со прилог:
-Тековна состојба од Централниот регистар на РСМ,
-Решение за Централниот регистар на РСМ за основање на трговско друштво,
-Решение за Централниот регистар на РСМ за отварање/затварање на деловна единица,
-Решение на Основен суд за отворена/затворена стечајна постапка,
-Решение од Централниот регистар на РСМ за ликвидација/бришење на трговско друштво,

| **Опис и тек на постапка за издавање на решение за комунална такса за користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност** |
| --- |
| 1.Постапката за утврдување на висината на комунална такса за користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност започнува со поднесување на:<br>-пријава/барање од страна на субјектот корисник на услугата,<br>-одобрение за поставување на урбана опрема издадено од Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР,<br>-тековна состојба не постара од 6 месеци,<br>-полномошно, доколку друго лице го застапува подносителот,<br>-друга дополнителна документација што ќе се јави како потребна во текот на постапката,<br>-платена административна такса за списи и дејствија на износ од 300,00 денари на лице место преку пос терминал или со приложување оригинален заверен ПП 50 образец на следната сметка:<br>Назив на примач:Трезорска сметка,Буџет на Општина Вевчани<br>Банка на примач:НБРСМ<br>Број на сметка:100000000063095<br>Уплатна сметка:840-110-03182<br>Приходна шифра:722315<br>Програма:00<br>Цел на дознака:Административна такса<br>Пријава заедно со потребната документација се поднесува лично во Одделението за финансиски прашања.<br>2.Службеното лице за администрирање на локални даноци такси и надоместоци ја прима пријавата и проверува дали документацијата е комплетна и веродостојна.На пријава треба да се наведе лице за контакт и контакт телефон.<br>Комплетниот предмет се внесува во Уписникот и податоците се внесуваат во базата.<br>3.Службеното лице согласно доставената документација изготвува Решение за комунална такса за користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност и истото го доставува на потпис до Градоначалникот.<br>Градоначалникот го потпишува решението и го праќа до писарницата на општината за заверка на истото, а потоа решението се доставува до службеното лице во одделението за финансиски прашања.<br>Решението се доставува лично до даночниот обврзник со ДОСТАВНИЦА заради утврдување на рокот на приемот, а може да се достави и по пошта со ПОВРАТНИЦА.<br>Комунална такса за користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност се плаќа дневно, согласно времето на користење на просторот. |

Решението за висината на комуналната такса за користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност се донесува во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавата.

4.Против решението донесено од страна на градоначалникот на општината незадоволната странка може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

5.Обврзниците на комунална такса се должни таксата да ја платат во рок 30 дена од денот на доставување на решението.

Плаќањето на комуналната такса за користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност, се врши на следната сметка:

Назив на примач:Трезорска сметка,Буџет на Општина Вевчани

Банка на примач:НБРСМ

Број на сметка:100000000063095

Уплатна сметка: 840-110-03231

Приходна шифра: 717131

Програма:00

Цел на дознака:Комуналната такса за користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност

| Опис и тек на постапка за издавање на решение за комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места |
|---|
| 1.Постапката за утврдување на висината на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места започнува со поднесување на:<br>-пријава/барање од страна на субјектот корисник на услугата,<br>-одобрение за поставување на урбана опрема издадено од Одделението за урбанизам,комунални работи,заштита на животната средина и ЛЕР,<br>-тековна состојба не постара од 6 месеци,<br>-лична карта на увид,<br>-полномошно, доколку друго лице го застапува подносителот,<br>-друга дополнителна документација што ќе се јави како потребна во текот на постапката,<br>-платена административна такса за списи и дејствија на износ од 300,00 денари на лице место преку пос терминал или со приложување оригинален заверен ПП 50 образец на следната сметка:<br>Назив на примач:Трезорска сметка,Буџет на Општина Вевчани<br>Банка на примач:НБРСМ<br>Број на сметка:100000000063095<br>Уплатна сметка:840-110-03182<br>Приходна шифра:722315<br>Програма:00<br>Цел на дознака:Административна такса<br>Пријава заедно со потребната документација се поднесува лично во Одделението за финансиски прашања.<br>2.Службеното лице за администрирање на локални даноци такси и надоместоци ја прима пријавата и проверува дали документацијата е комплетна и веродостојна.На пријава треба да се наведе лице за контакт и контакт телефон.<br>Комплетниот предмет се внесува во Уписникот и податоците се внесуваат во базата.<br>3.Службеното лице согласно доставената документација изготвува Решение за комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и истото го доставува на потпис до Градоначалникот.<br>Градоначалникот го потпишува решението и го праќа до писарницата на општината за заверка на истото, а потоа решението се доставува до службеното лице во одделението за финансиски прашања.<br>Решението се доставува лично до даночниот обврзник со ДОСТАВНИЦА заради утврдување на рокот на приемот, а може да се достави и по пошта со ПОВРАТНИЦА.<br>Комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа сразмерно на времето на користење на правата, предметите или услугите.<br>Решението за висината на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се донесува во рок од 30 дена од денот на |

| |
|---|
| приемот на пријавата.<br>4.Против решението донесено од страна на градоначалникот на општината незадоволната странка може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување<br>5.Обврзниците на комунална такса се должни таксата да ја платат во рок 30 дена од денот на доставување на решението.<br>Плаќањето на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, се врши на следната сметка:<br>Назив на примач:Трезорска сметка,Буџет на Општина Вевчани<br>Банка на примач:НБРСМ<br>Број на сметка:100000000063095<br>Уплатна сметка: 840-110-03252<br>Приходна шифра: 717132<br>Програма:00<br>Цел на дознака:Комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места |

| Инволвирани вработени |
|---|
| Градоначалник |
| Виш соработник за администрирање на локални даноци такси и надоместоци |

| Минимална поделба на должностите |
|---|
| Градоначалник – ги одобрува и потпишува решенијата за комуналните такси |
| Виш соработник за администрирање на локални даноци такси и надоместоци –врши прием на барањата, ги изготвува и ги доставува на потпис решенијата до Градоначалникот , |

ОПШТИНА ВЕВЧАНИ
Градоначалник,
Сашо Јанкоски

Изработил,
Виш соработник за администрирање
на локални даноци,такси и надоместоци,
Зорица Костојчиноска Дејковска

Република Северна Македонија
Општина Вевчани